Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање** | **Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 383/2021

Дата: 26-03-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Новаци ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистчки план за село Живојно, КО Живојно, Општина Новаци.** Површината на планскиот опфат изнесува 37,22 ха.
(Во рамките на планскиот опфат веќе се издадени:
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на локален пат делница с. Живојно - манастир Свети Илија, Општина Новаци, со тех бр. Y13213 и
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на цевковод за водоснабдување на селата Брод, Живојно и Добровени, Општина Новаци, со тех. бр. Y15414.)
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y17820** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистчки план за село Живојно, КО Живојно, Општина Новаци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Новаци, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 33305, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за Урбанистчки план за село Живојно, КО Живојно, Општина Новаци.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за Урбанистчки план за село Живојно, КО Живојно, Општина Новаци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 383/2021 од 17.03.2021 година.

**Условите за планирање на просторот се издаваат за** Урбанистчки план за село Живојно, КО Живојно, Општина Новаци **и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**М И Н И С Т Е Р**
**Naser Nuredini**

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Неби Реџепи